Дел. бр. 01 – 139/1
29.08.2024 год.
с.Тополчани - Прилеп

# ИЗВЕШТАЈ

Од самоевалуација на ООУ „Круме Волнароски“ - Тополчани, период март, април и мај 2024 година. Врз основа на Законот за основното образование (Службен весник на РСМ бр.161 од 05.08.2019 година и измените и дополнувањата на Законот за основно образование (Сл.весник на РСМ бр.229/20 од 23.09.2020 година) општинското основно училиште „Круме Волнароски“ - Тополчани изврши самоевалуација на работата на училиштето за период 2022-2024 година.

За таа цел, на предлог на директорот на училиштето, Училишниот одбор на својата седница одржана на 29.08.2024 година формираше комисија за спроведување на самоевалуацијата во следниот состав:

1.Јасмина Караниколова (социолог);

2.Анета Тренкоска (раководител на ППУ);

3.Јордан Чавлески (наставник);

4.Елизбета Кочоска (наставник);

5.Маја Јандреска (родител).

Самоевалуацијата беше спроведена во периодот март, април, мај, 2024 година. За нејзино успешно спроведување Комисијата обезбеди активно учество на целиот воспитно-образовен кадар во процесот, со тоа што беа формирани четири тима за четирите клучни подрачја во чии рамки се вршеше самоевалуацијата, односно:

| Подрачје | Членови на тимот |
|---|---|
| **1. Планирање, настава и учење** | Координатор на тимот:<br>1.Катерина Наумоска-наставник / одд.настава |
| | 2.Билјана Костоска-наставник / одд.настава<br>3.Каролина Подигачоска- наставник / одд.настава<br>4.Драги Драгутиноски-наставник / одд.настава<br>5.Давор Конески-наставник / географија<br>6.Јасмина Узуноска-Кадинец-наставник / англиски ј.<br>7.Илин Георгиевски-наставник / ФЗО |
| **2. Постигања на учениците** | Координатор на тимот:<br>1.Елизабета Кочоска-наставник / одд.настава |
| | 2.Марија Јанкулоска-наставник / одд.настава<br>3.Наташа Велкоска Амбарџиева-наставник / одд.настава<br>4.Цена Ангелеска-наставник / математика, физика<br>5.Катерина Ристеска-наставник / одд.настава<br>6.Димитар Коруноски-наставник / историја<br>7.Јелена Мирческа-наставник / ФЗО |
| **3. Училишна клима и односи во училиштето** | Координатор на тимот:<br>1.Марија Грижоска-наставник / македонски јазик |
| | 2.Гордана Мирческа-наставник / одд.настава<br>3.Анита Стојаноска-наставник / одд.настава<br>4.Соња Тромпеска-наставник / матемтика, физика<br>5.Бобан Богданоски-наставник / ФЗО<br>6.Татјана Зајкоска-наставник / англиски јазик<br>7.Тони Чатлески-наставник / ликовно образование |
| **4. Управување, раководење и креирање политика** | Координатор на тимот:<br>1.Валентина Костоска-наставник / одд.настава |
| | 2.Мирјана Талеска-наставник / македонски јазик |

| | |
|---|---|
| | 3.Марта Шукуроска-наставник / германски јазик<br>4.Христина Мојаноска-наставник / хемија, природни науки<br>5.Зуграфка Николова Салатоска-наставник / одд.настава<br>6.Цветанка Кузманоска Рипилоска-наставник / англиски ј.<br>7.Билјана Талевска Беличанец-наставник / биологија, природни науки |

Тимовите спроведоа анкети, интервјуа, извршија увид во потребната документација и изворите врз основа на што ги обезбедија сите потребни податоци и материјали, според кои дадоа описи на постигнатоста на индикаторите во рамките на своето подрачје. Секој тим за своето подрачје направи опис / резиме на подрачјето, ги издвои силните и слабите страни и предложи приоритети, врз основа на кои понатаму ќе се темели изготвувањето / реализацијата на Развојната програма на училиштето. По завршената работа, секој тим ја достави целосната документација од самоевалуацијата до Комисијата, која повторно ги разгледа сите документи и ги оформи во една целина.

Со цел да се обезбеди транспарентност на процесот, на седницата на Наставничкиот совет одржана на 29.08.2024 година, секој тим ги образложи резултатите од својата работа, силните и слабите страни, како и предложените приоритети. Наставничкиот совет воедно дискутираше и се договараше во однос на тоа кои приоритети треба да бидат клучни за изготвување / реализација на стратешките и развојните цели во Развојната програма на училиштето.

Во овој извештај ќе го презентираме описот / резимето, силните страни, слабите страни и приоритетите во однос на секое подрачје.

| **Подрачје 1: Планирање, настава и учење** | |
|---|---|
| **Опис/резиме на подрачјето** | **Врз основа на собраните податоци од извршените анкетирања на ученици, родители и наставници, интервјуа во фокус – групи и интервјуто со директорот и стручните соработници донесени се следните заклучоци:**<br><br>1.Наставните планови и програми училиштето ги реализира според Календарот за тековната година доставен од МОН. Врз основа на тоа се планира распоред за работа на почетокот на учебната година. Наставниците навремено ги изработуваат планирањата и истите ги доставуваат пред почетокот на учебната година. Стручните соработници прават проверка на програмите и на наставниците им даваат повратна информација. Во текот на наставната година најмалку два пати има посета на часови, при што се пополнува формулар и низ дескрипторите се следи работата на наставникот и текот на наставниот час. Часовите се следени од страна на: педагогот, социологот и директорот, а со наставниците редовно се прават консултативни разговори во кои има јасни насоки за работите кои треба да се подобрат и пофалби за работите кои се добри.<br><br>2.Наставниците најмалку два пати во полугодие разменуваат искуства за планирањата во рамки на стручните активи, користат стручни искуства од различни медиуми и стручна литература, имаат регионална соработка со други училишта, а како резултат на тоа подобрени се планирањата кај најголем број од наставниците.<br><br>3.Изборните/слободните изборни активности и предмети се во согласност со наставниот план и наставните програми, со Водичот за слободни изборни предмети во основното образование и со пропишаните процедури кои училиштето ги применува со цел да се почитуваат интересите на учениците. Стручните соработници ја следат процедурата за изборните предмети, истата ја спроведува со анкетни листови и ги сумира добиените податоци.<br><br>4.Наставниците, задачите и активностите ги приспособуваат на индивидуалните образовни |

| | |
|---|---|
| | потреби на учениците, а исто така користат различни приоди и ресурси за учење и настава.<br><br>5.Расположливите ресурси се употребуваат на функционален начин користејќи современи приоди во наставата како: искуствено учење, учење преку проект, учење преку решавање проблеми, учење преку игра, учење преку истражување, примена на дигитални алатки и програми... За учениците со ПОП се користат методи и техники според нивните потреби.<br><br>6.Сите наставници се однесуваат со учениците на начин што промовира прифаќање, почитување, соработка и разбирање. Најголемиот број наставници обезбедуваат еднакви можности за вклучување и ги вклучуваат сите ученици за време на наставните часови.<br><br>7.Инклузивниот тим обезбедува поддршка за изработка на ИОП по сите наставни предмети, согласно законската регулатива. Со учениците со посебни образовни потреби се реализира настава/воннаставни активности според ИОП и/или модифицирана програма. Наставниците и стручните соработници се обучени да планираат и реализираат настава со ученици со ПОП. Тие изготвуваат ИОП и прават евалуации на истиот. За унапредување на наставата за учениците со попреченост училиштето активно соработува со надлежниот ресурсен центар од Битола, како и со помошниот ресурсен центар при ООУ „Климент Охридски“ - Прилеп.<br><br>8.Тимот за училишна интеграција (ТУИ) го спроведува акцискиот план за следење на реализацијата на активностите за МИО планирни во ГПРУ, проектните активности добиени преку грантови од МОН и од други партнерски организации, а паралелно со тоа подготвува полугодишни и годишни извештаи. Одделенските раководители во текот на годината во рамките на часот на одделенската заедница реализираат три работилници поврзани до МИО-теми. Оние што не се одделенски раководители планираат и реализираат по три работилници во рамките на нивните наставни предмети.<br><br>9.Од спроведените интервјуа и анкети се согледува дека најголем број од учениците и родителите се задоволни од грижата и се чувствуваат сигурно и безбедно во училиштето. |

| | |
|---|---|
| | 10.Стручните соработници во соработка со наставниот кадар, преку соодветни прашалници на почетокот на учебната година, ги идентификуваат учениците со потешкотии, надарените и талентираните ученици, а во текот на наставната година се идентификуваат и учениците од социјално загрозени семејства.<br><br>11.Според одговорите во интервјуто со директорот и стручната служба наставниците користат најразлични форми, методи и инструменти за оценување на учениците како што се: формативно оценување, усна повратна информација, чек листи, листи за следење, метод на истражување, илустративен метод, метод на набљудување, самооценување на учениците итн. Според анкетата за ученици, најголем дел од учениците се изјасниле дека наставниците им објаснуваат што треба да знаат за секоја оценa, им објаснуваат зошто добиле одредена оцена, ги известуваат за постигнувањата и начините за нивно подобрување и ги пофалуваат за нивниот труд. Постигнувањата и успехот на учениците се евидентираат во Евидентни листови, во Е – дневник и Главна книга**.**<br><br>12.Училиштето има изготвено посебни програми за реализација на воннаставните активности кои се реализираат во текот на целата учебна година. Во училиштето се спроведуваат различни воннаставни активности како што се: еднодневни екскурзии, излети, активности на училишните секции, акции од хуманитарен карактер... |
| **Силни страни** | ➢ Училиштето води грижа за реализацијата на наставниот план и наставните програми, дава континуирана поддршка на наставниците и учениците, одржува добра соработка со родителите и локалната средина;<br><br>➢ Училиштето навремено обезбедува обуки за наставниците и стручните соработници, како дел од професионалниот развој, и истовремено поттикнува примена на современи методи и техники во планирањето на наставата. По спроведените обуки, обучениот кадар редовно врши дисеминација на останатите наставници и стручни соработници; |

| | |
|---|---|
| | ➢ Преку активите, се одржуваат состаноци и консултативни средби на кои наставниците споделуваат и разменуваат искуства за подобрување на наставата;<br><br>➢ Најмалку два пати во текот на наставната година се следат планирањата на наставниците од страна на стручните соработници и директорот;<br><br>➢ Наставниците навремено ги изработуваат планирањата според насоките од БРО и МОН;<br><br>➢ Наставниците, како во одделенска, така и во предметна настава, задачите и активностите ги приспособуваат на индивидуалните образовни потреби на учениците;<br><br>➢ Наставниците кон учениците се однесуваат на начин што промовира почитување прифаќање, разбирање и соработка;<br><br>➢ Сите наставници кон учениците со посебни образовни потреби реализираат настава / вонннаставни активности според ИОП;<br><br>➢ Наставниците и стручните соработници се обучени да планираат и реализираат настава со ученици со ПОП.<br><br>➢ Во ЦОУ како и во подрачните училишта има пристап за ученици со физичка попреченост;<br><br>➢ Учениците и родителите ја оценуваат безбедноста во училиштето како многу добра;<br><br>➢ Атмосферата во училницата учениците и родителите ја оценуваат како многу добра;<br><br>➢ Во секоја тековна наставната година одделенските раководители ги идентификуваат и учениците од социјално загрозени семејства;<br><br>➢ Наставниците на учениците однапред им објаснуваат што треба да знаат за секоја оцена;<br><br>➢ Учениците можат слободно да ги избираат изборените предмети; |

| | |
|---|---|
| | ➢ Наставниците редовно ги известуваат учениците и родителите за постигнувањата и начините на нивно подобрување;<br>➢ Вонnаставните активности во училиштето се реализираат со посебни програми кои се донесуваат секоја учебна година;<br>➢ Учениците се вклучени во планирањето и подготвувањето на воннаставните активности. |
| **Слаби страни** | ➢ Има потреба од смарт табли со софтвер за потребите на новите програми за новата концепција;<br>➢ Наставниците почетници имаат потреба од обука за работа со ученици со ПОП, да се оспособат да изготвуваат ИОП и да прават евалуации на истиот;<br>➢ Потреба од подобрување на интеракцијата меѓу наставниците и учениците преку обуки за игровни активности, компјутерски игри и мултимедија;<br>➢ ТУИ има потреба од соработка и координација со Комисијата за МИО при Локалната самоуправа за спроведување на општински активности од Стратегијата за МИО и младински активизам;<br>➢ Наставниците почетници имаат потреба за обука за МИО;<br>➢ Слаб интерес кај наставниците за спроведување заеднички активности за МИО. |
| **Приоритети** | ➢ Набавка на смарт табли со софтвер за потребите на новата концепција;<br>➢ Континуиорано стручно усовршување на наставниот кадар преку обуки за игровни активности, компјутерски игри и мултимедија;<br>➢ Реализација на обуки за наставници почетници за работа со ученици со ПОП, изготвување на ИОП и извештај, како и евалуација на истиот;<br>➢ Реализација на обуки за МИО за наставници почетници и поттикнување и мотивирање на |

| | |
|---|---|
| | наставниците за поголема реализација на заеднички МИО активности;<br>➢ Зајакнување на соработката и координацијата на ТУИ со Комисијата за МИО при Локалната самоуправа за спроведување на општински активности од Стратегијата за МИО и младински активизам. |

| **Подрачје 2: Постигања на учениците** | |
|---|---|
| **Опис/резиме на подрачјето** | **Врз основа на собраните податоци од извршените анкетирања на ученици, родители и наставници, интервјуа во фокус – групи и интервјуто со директорот и стручните соработници донесени се следните заклучоци:**<br><br>1.Постигањата на учениците континуирано се следат по класификациони периоди според пол и јазик на кој се реализира наставата по наставни предмети.<br><br>2.Секој наставник индивидуално го следи напредокот и постигањата на учениците (формативно и сумативно) со почитување на индивидуалните способности, ставови и вредности во секој класификационен период од учебна година.<br><br>3.Успехот на учениците, согледувајќи го низ нивниот среден успех (на ученик, одделение, училиште) е на задоволително ниво и следено во изминатите неколку години се движи во корелациски соодност со блага тенденција на пораст.<br><br>4.Постигањата на учениците се следи и документира низ класификациони периоди, на одделенски и наставнички совети и истиот јавно се презентира на индивидуални родителски средби, Совет на родители, Училишен одбор и Училишна заедница.<br><br>5.Поддршката, потикнувањето и мотивацијата кон учениците за учење се рефлектира низ целокупниот воспитно - образовен процес, особено низ динамика на редовната, изборната, дополнителната и додатната настава, како и вонnаставните активности. |

| | |
|---|---|
| | 6.Целокупната своја воспитно-образована работа, училиштето, јавно и транспарентно ја презентира кон родителите.<br><br>7.Наставниот кадар секоја нова учебна година ги идентификува учениците со тешкотии во учењето, надарените ученици, учениците со попреченост, со емоционални потешкотии, ученици кои спаѓаат во групата на социјалне ризик и изградуваат индивидуален пристап кон нив со цел да се подобрат нивните знаења во наставата низ континуирано следење во текот на една учебна година.<br><br>8.Родителите/старателите од страна на наставниот кадар редовно добиваат информации за постигањата на учениците по секој квалификационен период. Родителите имаат можност да се запознаат со постигањата на своето дете преку е-дневникот кој уредно се води.<br><br>9.Редовноста на учениците е приоритет на нашето училиште. Во тековните години изостаноците се должат пред се од здравствени причини и за тоа има соодветна медицинска белешка. Учениците кои училиштето ги има идентификувано како ранливи категории редовно ја посетуваат наставата.<br><br>10.Училиштето ја реализира програмата за советување на родителите/старателите и учениците, за што води уредна документација.<br><br>11.Во секоја учебна година, училиштето реализира дополнителна настава по сите предмети за кои учениците имаат тешкотии во учењето. Училиштето, на месечно ниво, изработува распоред за дополнителна настава и го истакнува на видно место во училиштето, за што уредно го информира ДПИ.<br><br>12.Преку реализацијата на дополнителната и додатната настава се придонесуваат кон подобрување на постигањата на учениците. |

| | |
|---|---|
| **Силни страни** | ➢ Училиштето континуирано ги следи постигањата на учениците. Успехот кај учениците е во корелација низ неколку учебни години.<br>➢ Напредокот на учениците се следи индивидуално (формативно и сумативно) со почитување на индивидуалните способности, ставови и вредности.<br>➢ Постигањата на учениците, согледувајќи ги низ анализи и заклучоци во изминатите неколку години се движи во корелациски сооднос.<br>➢ Постигањата на учениците јавно и транспарентно се презентираат на одделенски и наставнички совети, родителски средби, Совет на родители и Училишен одбор.<br>➢ Наставниот кадар секоја нова учебна година ги идентификува учениците со тешкотии во учењето, надарените ученици, учениците со попреченост и емоционални потешкотии.<br>➢ Учениците кои спаѓаат во групата на социјалне ризик, училиштето ги идентификува и гради индивидуален пристап кон нив со цел да се подобрат нивните знаења во наставата и општата ментална состоја во изградување на лични и социјални компетенции.<br>➢ Советувањето на родители/старатели училиштето успешно го реализира и истовремено изградува добар однос.<br>➢ Реализацијата на дополнителната настава допринесува зајакнување на сознајниот когнитивен развој кај учениците.<br>➢ Во училиштето сите субјекти носители на воспитно-образовниот процес ги почитуваат индивидуалните карактеристики на учениците. |
| **Слаби страни** | ➢ Има потреба од нагледни средства и дидактички материјали (медиотека) според новата концепција.<br>➢ Потребна е набавка на нагледни дидактички материјали по наставни предмети<br>➢ Континуирано стручно усовршување на наставниот кадар преку обуки за изготвување на диференциран пристап во планирањата.<br>➢ Наставниците имаат потреба од обука за изготвувањена објективни тестови на знаење. |

| | |
|---|---|
| **Приоритети** | ➢ Набавка на нагледни средства и дидактички материјали (медијатека) според новата концепција.<br>➢ Набавка на нагледни дидактички материјали по наставни предмети.<br>➢ Реализација на обуки за наставниците за изготвување диференциран пристап во планирањето.<br>➢ Зајакнување на професионалните компетенции на наставниците преку обука за изготвување на објективни тестови на знаење. |

| **Подрачје 3: Училишна клима и односи во училиштето** | |
|---|---|
| **Опис/резиме на подрачјето** | **Врз основа на собраните податоци од извршените анкетирања на ученици, родители и наставници, интервјуа во фокус – групи и интервјуто со директорот и стручните соработници донесени се следните заклучоци:**<br><br>1.Угледот/имиџот на училиштето се темели врз основа на еднаквост меѓу сите субјекти, родовата сензибилност, безбедност и истовремено негување на социјалниот момент. Врз тоа се развива позитивен однос низ взаемно почитување, толеранција и хуманост со што се зајакнува мултикултурализмот, партиципацијата – интерперсоналните односи на вработените, подршката кон учениците, родителите и заедницата во училишниот живот.<br><br>2.Кодексот на однесување е изработен врз основа на морални и етички принципи**.** Истиот е составен од принципи и правила на однесување и оценување на сите структури во училиштето.<br><br>3.Училишните органи и тела го поддржуваат и мотивираат демократското учество на |

| | |
|---|---|
| | учениците.<br><br>4.Училишната клима како комплексен систем се базира на добро изградени интерперсонални односи (ученик-наставник-родител), заемно почитување, позитивна атмосфераи и средината за учење.<br><br>5.Основното мото на училиштето е за соработака, добра атмосфера и постојана грижа за остварување на мисијата и визијата.<br><br>6.Учениците преку училишниот парламент се вклучени во процесот на демократско учевство, во донесување на одлуки и решавање на проблеми во училишниот живот.<br><br>7.Еднаквоста и правичноста во училиштето се приоритет. Тоа најдобро се забележува преку почитување и промовирање на правата на децата низ редовната, изборната, додатната и дополнителната настава, како и низ вонаставните активности.<br><br>8.Училиштето ја промовира еднаквоста и правичноста кон сите ученици врз темелни вредности кои обезбедуваат почитување на сите структури, учесници во училишниот живот.<br><br>9.Училиштето секогаш активно соработува со родителите и ги потикнува родителите за соработка преку индивидуални и групни наставничко-родителски средби и преку работата на Советот на родители.<br><br>10.Соработката на училиштето со општина Прилеп е на високо ниво, а исто така се залага за соработка со урбаните/рурални заедници. |

| | |
|---|---|
| | 11.Училиштето има протокол во кој се дефинирани сите облици на насилство и начините на постапување со што има изградено систем за постапување за превенција и заштита од насилство.<br><br>12.Училиштето има процедури за конструктивно работење со сите ученици кои се дел од врсничко насилство и со нивните родители, заштита од пушење, алкохол, наркотичните средства и сл.<br><br>13.ООУ Круме Волнароски - Тополчани, во учебната 2023/24 година имаше организирано достава на храна само за учениците од прво одделение, но за сите ученици води кампања за здрава исхрана и здрав начин на живот.<br><br>14.Хигиена во училиштето е на високо ниво. Одговорноста на сите субјкети води кон грижа и заштита од болести преку примарната, секундарната и терциелна заштита.<br><br>15.Училиштето води грижа за учениците од социјално загрозени семејство, континуирано соработува со родителите/старателите и им нуди стручна помош и поддршка.<br><br>16.Во училиштето се води грижа за социо-емоционалната добросостојба на учениците, па за таа цел се спроведуваат активности за зајакнување на манталното здравје, а преку социо-емоцијалното учење се јакнат личните и социјалните компетенции.<br><br>17.Училиштето има изградено систем на давање помош за избор и продолжување на образованието како дел од професионална ориентација на учениците. |

| | |
|---|---|
| **Силни страни** | ➢ Угледот/имиџот на училиштето го градат сите субјекти во училиштето со промовирање на културните афинитети на теренот каде припаѓа училиштето.<br><br>➢ Кодексот на однесување во училиштето го донесуваат учениците, наставниците и родителите. Истиот, секоја учебна година се ажурира/обновува за да се постигне еднаквост на сите вклучени страни.<br><br>➢ Ученичкото демократско учевство во ученичките органи и тела е мотивирано и поддржано од сите наставници.<br><br>➢ Училиштето води редовна грижа за безбедноста и здравјето на учениците.<br><br>➢ Хигиената во училиштето и заштитата од болести е на високо ниво. Истата редовно се следи и превентивно се делува.<br><br>➢ Изградени се процедури за грижа за учениците со проблеми, социјално загрозени, како и процедури за заштита од насилство.<br><br>➢ Соработката на училиштето со општина Прилеп е на високо ниво. Таа ги поддржува инфрастуктурните зафати и ја промовира едукативната страна.<br><br>➢ Грижата за социјално загрозени семејства се применува во сооднос ученици-наставници-родители и два пати годишно им се дава помош.<br><br>➢ Училиштето води грижа за професионалната ориентација и кариерниот развој на учениците за продолжување на образованието. Имено, секоја учебна година училиштето ги мотивира и афирмира учениците за избор на идното занимање. |

| | |
|---|---|
| **Слаби страни** | ➢ Има потреба од смарт табли за современа настава.<br>➢ Недоволен интерес од страна на родителите за нивно активно вклучување во животот и работата на училиштето.<br>➢ Има потреба од набавка од нагледни средства по наставни предмети.<br>➢ Училиштето има потреба од поголема соработка со деловната заедница.<br>➢ Слаба соработката на училиштето со урбаните/рурални заедници и граѓанскиот сектор.<br>➢ Училиштето слабо соработува со меѓусекторски институции.<br>➢ Има потреба од спортски соблекувални по ФЗО во ЦОУ Круме Волнароски -Тополчани.<br>➢ Има потреба од спортски соблекувални по ФЗО во ППУ Круме Волнароски - с.Старо Лагово.<br>➢ Има потреба од летниковец / ЕКО училница во ПУ Беровци. |
| **Приоритети** | ➢ Набавка на смарт табли за реализација на современа настава.<br>➢ Набавка на нагледни средства по наставни предмети.<br>➢ Зајакнување на човечкиот потенцијал за мотивирање на родителите за активно вклучување во работата на училиштето.<br>➢ Училиштето да изгради систем за поголема сорботка со деловната заедница.<br>➢ Училиштето да ја зајакне соработката со урбаните/рурални заедници и граѓанските организаци.<br>➢ Да се подобри соработката со меѓусекторските институции (МВР, Здравствен дом, Центар |

| | |
|---|---|
| | за социјална работа) пред се, на полето на едукативно - превентивната страна.<br>➢ Адаптација на просторија за спортски соблекувални по ФЗО во ЦОУ Круме Волнароски - Тополчани.<br>➢ Адаптација на просторија за спортски соблекувални по ФЗО во ППУ Круме Волнароски - с.Старо Лагово.<br>➢ Изградба на летниковец / ЕКО училница во ПУ Беровци. |

| **Подрачје 4: Управување, раководење и креирање политики** | |
|---|---|
| **Опис/резиме на подрачјето** | **Врз основа на собраните податоци од извршените анкетирања на ученици, родители и наставници, интервјуа во фокус – групи и интервјуто со директорот и стручните соработници донесени се следните заклучоци:**<br>1.Работата на училишниот одбор е јасно дефинирана со деловникот за работа на училишниот одбор. Неговата работа се темели врз партнерски однос, а одлуките кои ги носи се јавни и транспарнетни.<br>2.Раководниот орган ја организира и координира целокупната работа во училиштето.<br>3.Раководниот орган има јасна мисија и визија за развојот на училиштето со која се запознаени сите вклучени чинители во животот на училиштето.<br>4.Управувањето и раководење со ресурсите е приоритет на училиштето со што успешно се задоволуваат потребите на сите субјекти вкучени во воспитно-образовниот процес (ученици, наставници, родители).<br>5.Училишната библиотеката води евиденција (во електронска форма) за издадените и |

| | |
|---|---|
| | вратените книги, учебници и друга литература. Истата е отворена за користење во текот на училишниот ден, а во согласност со распоредот на наставникот - библиотекар.<br><br>6.Раководењето / менаџирањето со наставниот кадар е на одлично ниво со што се гледа професионалната застапеност и кариерниот развој.<br><br>7.Следење и унапредување на наставниот процес го врши директорот и стручните соработници и за тоа даваат конструктивна повратна информација.<br><br>8.Процедурите за креирање на училишната политика се јасни и се прецизно дефинирани во училишните акти, а се фокусираат на подобрувањето на инфраструктурата, квалитетот на наставата, како и подобрувањето на постигањата на учениците.<br><br>9. Развојните цели се одраз на мисијата и визијата на училишето и сите се во функција на подобрување на севкупната работа на училиштето.<br><br>10 Планирање и управување со училишниот буџет е приоритет на директорот. Тој има изработено финансиски план за распределување на финансиските средства и ги информира органите и телата во училиштето за училишниот буџет и трошењето на истиот. Буџетските приоритети се тесно поврзани со приоритетите на образовните цели на училиштето. |
| **Силни страни** | ➢ Училишниот одбор јавно и транспарентно ги носи своите одлуки.<br><br>➢ Раководниот орган донесува одлуки, успешно се раководи со промените во образовниот систем и спроведува позитивни промени во работењето на училиштето.<br><br>➢ Директорот на училиштето води грижа за целокупната организација и реализација на воспитно-образовна работа во училиштето.<br><br>➢ Управувањето со ресурси е на задволително ниво со што се задоволени потребите и на |

| | |
|---|---|
| | учениците и на наставниците.<br><br>➢ Училишната библиотека (ЦОУ Тополчани и во ППУ с.Старо Лагово) е отворена и достапна за користење.<br><br>➢ Директорот има професионален однос кон работата кој е заснован на најнови знаења, вештини и тимска работа. Тој го мотивира и подржува професионалниот развој на наставниците и учениците.<br><br>➢ Постои позитивна клима за нови проекти во образовниот процес согласно развојната програма.<br><br>➢ Училиштето обезбедува поддршка за професионален развој на вработените.<br><br>➢ Во училиштето постои план за следење и евалуација на реализацијата на активностите.<br><br>➢ Раководството на училиштето во склоп на материјалните можности ги поддржува учениците и наставниците во нивните постигања, ги наградува, ги пофалува и се грижи за нивното здравје.<br><br>➢ Управувањето со училишниот буџет е јавно и транспарентно. |
| **Слаби страни** | ➢ Има потреба од смарт табли со софтвер за потребите на новите програми за новата концепција.<br><br>➢ Има потреба од набавка од нагледни средства по наставни предмети.<br><br>➢ Потреба од подобрување на интеракцијата меѓу наставниците и учениците преку обуки за игровни активности, компјутерски игри и мултимедија.<br><br>➢ Континуиран професионален развој на наставниците преку обуки за работа со ученици.<br><br>➢ Има потреба од изградба на централно загревање на училишната зграда во ЦОУ Круме |

| | |
|---|---|
| | Волнароски -Тополчани.<br><br>➢ Има потреба од изградба на централно загревање на училишната зграда во ППУ Круме Волнароски-с.Старо Лагово.<br><br>➢ Потребна е реконструкција на ѕидови, тавани и подови во ППУ Круме Волнароски - с.Старо Лагово.<br><br>➢ Потребна е промена на електрична инсталација во ППУ Круме Волнароски - с.Старо Лагово. |
| **Приоритети** | ➢ Набавка на смарт табли со софтвер за потребите на новата концепција.<br><br>➢ Набавка на нагледни средства по наставни предмети како во одделенска така и во предметна настава.<br><br>➢ Континуиорано стручно усовршување на наставниот кадар преку обуки за игровни активности, компјутерски игри и мултимедија.<br><br>➢ Обуки за наставници кои ќе допринесат зајакнување на професионалните компетенции од областа на работа со ученици.<br><br>➢ Изградба на централно загревање на училишната зграда во ЦОУ Круме Волнароски - Тополчани.<br><br>➢ Изградба на централно загревање на училишната зграда во ППУ Круме Волнароски-с.Старо Лагово.<br><br>➢ Реконструкција на ѕидови, тавани и подови во ППУ Круме Волнароски - с.Старо Лагово.<br><br>➢ Промена на електрична инсталација во ППУ Круме Волнароски - с.Старо Лагово. |

**Предлог-мерки за подобрување на квалитетот на работата на училиштето:**

1.Набавка на смарт табли со софтвер за потребите на новата концепција;

2.Набавка на нагледни средства по наставни предмети како во одделенска, така и во предметна настава;

3.Континуиорано стручно усовршување на наставниот кадар преку обуки за игровни активности, компјутерски игри и мултимедија;

4.Обуки за наставници кои ќе допринесат за зајакнување на професионалните компетенции од областа на работа со ученици (обуки за изработка на објективни тестови и диференцирани цели во планирањето.

5.Реализација на инфраструктурни зафати (според приоритетите) за подобрување на условите за работа.

**Комисија за самоевалуација:**

1.Јасмина Караниколова (социолог) - ______________

2.Анета Тренкоска (раководител на ПОУ) - ______________

3.Јордан Чавлески (наставник) - ______________

4.Елизбета Кочоска (наставник) - ______________

5.Маја Јандреска (родител) - Маја А. Јандреска

Датум:

29.08.2024

Република Северна Македонија, КРУМЕ ВОЛНАРОСКИ, с.Тополчани-Прилеп, Општинско основно училиште

М.П.

Претседател на УО

______________

/Игор Мицкоски/

Директор:

______________

/Дејан Бунтески/

Република Северна Македонија
Општинско основно училиште
КРУМЕ ВОЛНАРОСКИ
Бр. 02-137/4
29.08. 2024 год.
с. ТОПОЛЧАНИ, ПРИЛЕП

Врз основа на член 108 и 129 од Законот за основно образование („Сл.весник на РСМ“ бр.161/2019 и 229/20), Училишниот одбор при ООУ „Круме Волнароски“ село Тополчани- Прилеп на ден **29.08.2024** година ја донесе следната:

# О Д Л У К А

За усвојување на извештајот за извршената самоевалуација на ООУ „Круме Волнароски“ село Тополчани „

Член 1

На седницата одржана на ден 29.08.2024 година Училишниот одбор при ООУ „Круме Волнароски“ село Тополчани - Прилеп, го разгледа извештајот од извршената самоевалуација на училиштето и врз основа на одлуката од наставничкиот совет за усвојување на извештајот од извршената самоевалуација број 02-141/2 од 29.08.2024 година, донесе Одлука за усвојување на извештајот од извршената самоевалуација на ООУ „Круме Волнароски“ село Тополчани - Прилеп.

Член 2

Се задолжува директорот да го достави извештајот од извршената самоевалуација на ООУ „Круме Волнароски“ село Тополчани - Прилеп, до надлежните институции согласно со член 129 и 130 од Законот за основно образование.

Одлуката стапува во сила со денот на донесувањето.

Претседател на Училишен одбор при
ООУ „Круме Волнароски“ село Тополчани

/ Игор Мицкоски /